| | — кипер тристран, модел N | 4095 | 9000 | 186 | 1971 | 210.990 |
| 48 | Orsetto: | | | | | |
| | — камион, модел N | 2650 | 1500 | 81 | 1972 | 61.400 |
| | — камион, модел L | 3000 | 1500 | 81 | 1972 | 64.330 |
| 47 | Cerbiatto: | | | | | |
| | — камион, модел N | 2600 | 2000 | 86 | 1972 | 65.530 |
| | — камион, модел L | 3000 | 2000 | 86 | 1972 | 68.500 |
| 48 | Lupetto 25: | | | | | |
| | — камион, модел C | 2600 | 2500 | 86 | 1972 | 68.790 |
| | — камион, модел N | 3000 | 2500 | 86 | 1972 | 71.750 |
| | — камион, модел L | 3600 | 2500 | 86 | 1972 | 73.580 |
| | — кипер тристран, модел C | 2600 | 2500 | 86 | 1972 | 84.300 |
| 49 | Lupetto 30: | | | | | |
| | — камион, модел C | 2600 | 3000 | 86 | 1972 | 74.750 |
| | — камион, модел N | 3000 | 3000 | 86 | 1972 | 77.750 |
| | — кипер тристран, модел C | 2600 | 3000 | 86 | 1972 | 90.290 |
| 50 | Leoncino 35: | | | | | |
| | — камион, модел C | 2600 | 3500 | 86 | 1972 | 81.790 |
| | — камион, модел N | 3000 | 3500 | 86 | 1972 | 84.760 |
| | — камион, модел L | 3600 | 3500 | 86 | 1972 | 86.560 |
| | — кипер тристран, модел C | 2600 | 3500 | 86 | 1972 | 97.850 |
| | — кипер тристран, модел N | 3000 | 3500 | 86 | 1972 | 101.920 |
| 51 | Tigrotto 50: | | | | | |
| | — камион, модел C | 3000 | 5000 | 104 | 1972 | 91.040 |
| | — камион, модел N | 3600 | 5000 | 104 | 1972 | 94.040 |
| 52 | Tigrotto 55: | | | | | |
| | — камион, модел C | 3000 | 5500 | 104 | 1972 | 98.210 |
| | — камион, модел N | 3600 | 5500 | 104 | 1972 | 100.010 |
| | — камион, модел L | 4600 | 5500 | 104 | 1972 | 104.520 |
| | — кипер тристран, модел C | 3000 | 5500 | 104 | 1972 | 115.340 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 53 | OM 120: | | | | | |
| | — камион, модел C | 3169 | 8000 | 145 | 1972 | 137.390 |
| | — камион, модел N | 3600 | 8000 | 145 | 1972 | 141.460 |
| | — камион, модел L | 4007 | 8000 | 145 | 1972 | 144.920 |
| | — кипер тристран, модел C | 3169 | 8000 | 145 | 1972 | 161.300 |
| 54 | OM 150/1: | | | | | |
| | — камион, модел C | 3485 | 9000 | 186 | 1972 | 175.240 |
| | — камион, модел N | 4095 | 9000 | 186 | 1972 | 176.410 |
| | — камион, модел L | 4715 | 9000 | 186 | 1972 | 179.500 |
| | — кипер тристран, модел N | 4095 | 9000 | 186 | 1972 | 212.730 |
| 55 | OM 40/35: | | | | | |
| | — камион, модел A | 2650 | 1500 | 81 | 1973 | 68.970 |
| | — камион, модел B | 3000 | 1500 | 81 | 1973 | 72.770 |
| 56 | OM 40: | | | | | |
| | — камион, модел A | 2650 | 2000 | 81 | 1973 | 68.560 |
| | — камион, модел B | 3000 | 2000 | 81 | 1973 | 73.350 |
| | **Марка: „Opel" (Сојузна Република Германија)** | | | | | |
| 1 | Olympia Rekord (Lieferwagen) | | 1000 | 55 | 1960/62 | 23.820 |
| 2 | Rekord (Lieferwagen) | | 1000 | 55 | 1963/64 | 28.230 |
| 3 | Rekord (Lieferwagen) | | 1000 | 55 | 1965/67 | 27.340 |
| 4 | Blitz, камион | | 1000—1500 | 50 | 1960 | 27.340 |
| 5 | Blitz, камион со продолжена каросерија | | 1000—1500 | 50 | 1960 | 30.380 |
| 6 | Blitz, фургон | | 1000—1500 | 50 | 1960 | 27.580 |
| 7 | Blitz, камион | 3000 | 2000 | 70 | 1960/67 | 33.840 |
| 8 | Blitz, камион | 3300 | 2000 | 70 | 1960/67 | 35.530 |
| 9 | Blitz, фургон | 3000 | 2000 | 70 | 1960/67 | 39.900 |
| 10 | Blitz, фургон | 3300 | 2000 | 70 | 1960/67 | 41.880 |
| 11 | Rekord (Lieferwagen), 1500 ccm, 3 врати | | 500 | 60 | 1968 | 29.680 |
| 12 | Rekord (Lieferwagen), 1700 ccm, 3 врати | | 500 | 75 | 1968 | 30.060 |
| 13 | Rekord (Lieferwagen), 1900 ccm, 3 врати | | 500 | 90 | 1968 | 30.800 |
| 14 | Blitz, камион 1900 ccm | | 500 | 75 | 1968 | 51.750 |
| 15 | Blitz, фургон 1900 ccm | | 500 | 75 | 1968 | 54.230 |
| 16 | Rekord (Lieferwagen), 1700 ccm, 3 врати | | 500 | 75 | 1969/70 | 33.180 |
| 17 | Rekord (Lieferwagen), 1900 ccm, 3 врати | | 500 | 75 | 1969/70 | 33.430 |
| 18 | Rekord (Lieferwagen), 1700 ccm, 3 врати | | 500 | 83 | 1972/73 | 46.760 |
| 19 | Rekord (Lieferwagen), 1900 ccm, 3 врати | | 500 | 97 | 1972/73 | 47.870 |
| | **Марка: „Volkswagen" (Сојузна Република Германија)** | | | | | |
| 1 | 211, фургон | | 1000 | 30 | 1960 | 24.230 |
| 2 | 211, фургон | | 1000 | 34 | 1960 | 26.220 |
| 3 | 211, камион | | 1000 | 30 | 1960 | 20.330 |
| 4 | 211, камион | | 1000 | 34 | 1960 | 21.730 |
| 5 | 261, камион, стандард | | 1000 | 30 | 1960 | 21.730 |
| 6 | 261, камион, стандард | | 1000 | 34 | 1960 | 22.900 |
| 7 | 265,камион со двојна кабина | | 1000 | 30 | 1960 | 24.680 |
| 8 | 265, камион со двојна кабина | | 1000 | 34 | 1960 | 25.890 |
| 9 | 211, фургон | | 1000 | 30 | 1961/65 | 25.610 |
| 10 | 211, фургон | | 1000 | 34 | 1961/65 | 27.160 |
| 11 | 211, камион | | 1000 | 30 | 1961/65 | 21.030 |
| 12 | 211, камион | | 1000 | 34 | 1961/65 | 22.440 |
| 13 | 221, комби, отворен | | 1000 | 30 | 1961/65 | 26.680 |
| 14 | 365, 264, доставно возило (Lieferwagen), караван | | 1000 | 44 | 1961/65 | 25.710 |
| 15 | 261, камион, стандард | | 1000 | 30 | 1961/65 | 22.440 |
| 16 | 261, камион, стандард | | 1000 | 34 | 1961/65 | 23.840 |
| 17 | 265, камион со двојна кабина | | 1000 | 30 | 1961/65 | 25.610 |
| 18 | 265, камион со двојна кабина | | 1000 | 34 | 1961/65 | 26.830 |
| 19 | 211, 214, фургон, врата одзади | | 1000 | 44 | 1961/65 | 26.420 |
| 20 | 215, 216, фургон, врати лево и десно | | 1000 | 44 | 1961/65 | 27.347 |
| 21 | 261, 264, камион | | 1000 | 44 | 1961/65 | 25.245 |
| 22 | 265, 268, камион со двојна кабина | | 1000 | 44 | 1961/65 | 29.450 |
| 23 | 365, 264, доставно возило (Lieferwagen) | | 1000 | 44 | 1963/65 | 25.240 |
| 24 | 211, 214, фургон | | 1000 | 44 | 1966/67 | 27.480 |
| 25 | 213, фургон | | 1000 | 44 | 1966/67 | 27.720 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | 215, 216, фургон | | 1000 | 44 | 1966/67 | 28.420 |
| 27 | 621, 264, камион | | 1000 | 44 | 1966/67 | 27.390 |
| 28 | 263, камион | | 1000 | 44 | 1966/67 | 27.480 |
| 29 | 265, 268, камион со двојна кабина | | 1000 | 44 | 1966/67 | 30.290 |
| 30 | 267, камион со двојна кабина и подвижен покрив | | 1000 | 44 | 1966/67 | 30.480 |
| 31 | 365/а, доставно возило (Lieferwagen) | | 1000 | 44 | 1966/67 | 25.950 |
| 32 | 211 011, фургон | 2400 | 1000 | 47 | 1968 | 28.890 |
| 33 | 215 011, фургон со врати од обете страни | 2400 | 1000 | 47 | 1968 | 29.830 |
| 34 | 261 011, камион | 2400 | 1000 | 47 | 1968 | 28.660 |
| 35 | 261 011, камион, поголема каросерија | 2400 | 1000 | 47 | 1968 | 30.530 |
| 36 | 265 011, камион со двојна кабина | 2400 | 1000 | 47 | 1968 | 31.600 |
| 37 | 365 111, доставно возило (Lieferwagen) | 2400 | 1000 | 45 | 1968 | 26.460 |
| 38 | 365 121, доставно возило (Lieferwagen) | 2400 | 1000 | 54 | 1968 | 27.250 |
| 39 | 211 011, фургон | 2400 | 1000 | 47 | 1969 | 36.870 |
| 40 | 215 011, фургон | 2400 | 1000 | 47 | 1969 | 38.020 |
| 41 | 261 011, камион | 2400 | 1000 | 47 | 1969 | 36.580 |
| 42 | 265 011, камион со двојна кабина | 2400 | 1000 | 47 | 1969 | 40.210 |
| 43 | 211 011, фургон | 2400 | 1000 | 47 | 1970 | 38.460 |
| 44 | 215 011, фургон | 2400 | 1000 | 47 | 1970 | 39.610 |
| 45 | 261 011, камион | 2400 | 1000 | 47 | 1970 | 38.170 |
| 46 | 265 011, камион со двојна кабина | 2400 | 1000 | 47 | 1970 | 41.910 |
| 47 | 211 011, фургон | 2400 | 1000 | 50 | 1971 | 40.210 |
| 48 | 215 011, фургон | 2400 | 1000 | 50 | 1971 | 41.220 |
| 49 | 261 011, камион | 2400 | 1000 | 50 | 1971 | 40.300 |
| 50 | 265 011, камион со двојна кабина | 2400 | 1000 | 50 | 1971 | 43.610 |
| 51 | 211 011, фургон | 2400 | 1000 | 50 | 1972 | 41.150 |
| 52 | 215 011, фургон | 2400 | 1000 | 50 | 1972 | 42.490 |
| 53 | 261 011, камион | 2400 | 1000 | 50 | 1972 | 41.560 |
| 54 | 265 011, камион со двојна кабина | 2400 | 1000 | 50 | 1972 | 44.990 |
| 55 | 211 011, фургон | 2400 | 1000 | 50 | 1973 | 47.050 |
| 56 | 215 011, фургон | 2400 | 1000 | 50 | 1973 | 48.180 |
| 57 | 261 011, камион | 2400 | 1000 | 50 | 1973 | 47.120 |
| 58 | 265 011, камион со двојна кабина | 2400 | 1000 | 50 | 1973 | 50.980 |

## III. ЗА МОТОРЦИКЛИ, СКУТЕРИ И МОПЕДИ

Моторциклите, скутерите и мопедите се групирани, според зафатнината на моторот и другите карактеристики, во соодветни групи и врз основа на таквото групирање е утврдена царинската основица која изнесува, и тоа:

| Група | Царинска основица во динари |
|---|---|
| 1 | 2 |
| **А. За моторцикли:** | |
| I над 50 до 100 ccm | |
| — стандардни | 4.670 |
| — спортски | 5.140 |
| II над 100 до 125 ccm | |
| — стандардни | 5.610 |
| — спортски | 6.360 |
| III над 125 до 175 ccm | |
| — стандардни | 7.010 |
| — спортски | 7.940 |
| IV над 175 до 250 ccm | |
| — стандардни | 8.230 |
| — спортски | 9.350 |
| V над 250 до 350 ccm | |
| — стандардни | 10.100 |
| — спортски | 11.400 |
| VI над 350 до 500 ccm | |
| — стандардни | 11.220 |
| — спортски | 12.620 |
| VII над 500 ccm | |
| — стандардни | 13.090 |
| — спортски | 14.960 |

| 1 | 2 |
|---|---|
| **Б. За скутери:** | |
| I до 75 ccm — — — — — — — — — — — — — — — — — — — | 3.740 |
| II над 75 до 150 ccm — — — — — — — — — — — — — — — — — | 5.610 |
| III над 150 ccm — — — — — — — — — — — — — — — — — — | 7.010 |
| **В. За мопеди:** | |
| I сите мопеди со погон на мотор директно на тркало (предно или задно), без синџир или без друг преносен механизам, од типот Velosolex и сл. — — — | 1.410 |
| II сите мопеди со погон преку синџир или друг преносен механизам, едноседи или двоседи, стандардни изработки и опрема, со педал за задвижување — — | 2.060 |
| III сите мопеди со погон преку синџир или друг преносен механизам, едноседи или двоседи, пополна и полуксузна (спортска) изработка и опрема, без педал за задвижување — — — — — — — — — — — — — — — — | 2.810 |
| Забелешка: Ако моторциклите и скутерите имаат приколка за патници, царинската основица се зголемува и тоа: | |
| — за моторцикли — — — — — — — — — — — — — — | 1.870 |
| — за скутери — — — — — — — — — — — — — — — | 1.120 |

2. Во царинската основица одредена со оваа листа се вклучени просечните трошоци на превозот и допремата до југословенската граница.

3. За патничките автомобили, камиони, моторцикли, скутери и мопеди што југословенски и странски државјани непосредно ги увезуваат, односно примаат од странство а што не се опфатени со точка 1 на оваа листа, царинската основица ја утврдува царинарницата со процена врз основа на цените на странските пазари и просечните трошоци на превозот и допремата до југословенската граница во смисла на член 42 ст. 2 и 3 од Царинскиот закон.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа листа престанува да важи Листата на царинските основици за патнички автомобили, камиони, моторцикли и мопеди што југословенски и странски државјани ги увезуваат, внесуваат или примаат од странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/72).

5. Оваа листа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. Д-4282
25 април 1974 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за царини,
**Кемал Тарабар,** с. р.

**463.**

Врз основа на член 17 став 3, член 18 и член 62 точка 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работање на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72) во врска со одредбите на глава III од дел 3 од Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на Југославија во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/73), точ. 3, 5, 10 и 13 од Заедничките основи на кредитната политика во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/74) и Заклучоците на Сојузниот извршен совет за кредитно-монетарната политика во второто тримесечје на 1974 година, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1974 ГОДИНА

1. Деловните банки во 1974 година за кредитирање на намените одредени на ниво на федерацијата можат да користат кредити од примарната емисија и дел од средствата на задолжителната резерва издвоени на посебната сметка кај Народната банка на Југославија, до височината и под условите предвидени со оваа одлука.

Кредитите од примарната емисија кај Народната банка на Југославија, преку народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, можат да ги користат само деловните банки што ги исполнуваат пропишаните услови на кредитната способност и кои во својата кредитна политика се придржуваат кон самоуправните спогодби и општествените договори за политиката на формирањето и пласманот на средствата на деловните банки, како и кон спогодбите и договорите за каматните стапки што деловните банки можат да ги договараат во своето работање.

Како деловна банка (во понатамошниот текст: банката), во смисла на оваа одлука, се смета и деловната единица на банката која сообразно со член 25 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење (службен лист на СФРЈ", бр. 58/71, 71/72, 40/73 и 59/73) може самостојно, во свое име и за своја сметка, да воспоставува односи со Народната банка на Југославија, со народните банки на републиките и со народните банки на автономните покраини (во понатамошниот текст: Народната банка) и со други банки.

2. Кредитите од примарната емисија, што во смисла на член 17 став 2 точка 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работање на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини им се дадени за кредитирање работи на извозот и увозот, банките можат да ги користат до

височината на искористените износи на 31 март 1974 година за истите намени и под истите услови како до тој ден, и тоа како посебни наменски кредити:

1) за кредитирање работи на извозот на стоки и услуги;

2) за кредитирање на увозот на стоки од одредени валутни подрачја и од земјите во развој, освен на увозот на опрема и нафта и нафтени деривати;

3) за кредитирање на увозот на нафта и нафтени деривати.

Посебните наменски кредити од став 1 на оваа точка ќе им се дадат на банките со рок за враќање до 31 декември 1974 година.

Кредитите за увоз на опрема од одредени валутни подрачја и земји во развој, што им се дадени според поранешните прописи, банките можат да ги користат само во височина на неискористените транши по веќе дадените согласности на Народната банка на Југославија за продажба на клириншки девизи за плаќање на увозот на опрема.

По исклучок, банката може до 20% од состојбата на кредитите за поодделни намени од став 1 на оваа точка да пренесува од тие намени на други намени од тој став, под услов да не се пречекори вкупната состојба на тие кредити на 31 март 1974 година.

Банката што не е во можност во целост да ги користи посебните наменски кредити од став 1 на оваа точка, неискористените износи може да ги отстапи за истите намени на друга банка, врз основа на писмена спогодба со таа банка и со претходна согласност на народната банка на републиката, односно на народната банка на автономната покраина, кај која ги користи тие кредити.

3. Посебниот наменски кредит за кредитирање работи на извозот на стоки и услуги, од точка 2 став 1 под 1 од оваа одлука, банката може да користи под услов претходно, врз основа на соодветна документација, на своите комитенти да им дала кредити за одредени работи, и тоа:

1) кредити за извоз на стоки и услуги — врз основа на исправи за извршениот извоз на стоки заверени од царинарницата и на исправи за извршените услуги на странски порачувачи, и тоа:

а) ако извозот се наплатува во девизи од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, до височината:

— од 70% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите за оваа намена со рок за враќање до 30 дена;

— од 60% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите за оваа намена со рок за враќање до 60 дена;

— од 50% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите за оваа намена со рок за враќање до 90 дена;

б) ако извозот се наплатува во други девизи — до височината од 50% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите за оваа намена со рок за враќање до 45 дена, а под услов земјата во која извозот е извршен да има побарувачки салдо во платниот промет со Југославија, односно ако е договорен манипулативен кредит — да не ја пречекорила височината на тој кредит;

2) кредити за извоз на стоки на комерцијален кредит — врз основа на исправи за извршениот извоз на стоки заверени од царинарницата, под услов наплатата да се врши во девизи што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања, и тоа до височината:

— од 25% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите за таа намена со рок за враќање до 4 месеци;

— од 20% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите за таа намена со рок за враќање до 5 месеци;

— од 15% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите за таа намена со рок за враќање до 6 месеци;

3) кредити за извоз на кредит на трајни потрошни добра и сериска опрема — врз основа на договор со странски купувач и исправи за извршениот извоз заверени од царинарницата, и тоа до височината од 30% од состојбата на дадените кредити за тие намени и под услов од странскиот купувач да е наплатен аванс од најмалку 10% од вредноста на продадените стоки и рокот за враќање на кредитот за трајни потрошни добра да не е подолг од една година, а за сериска опрема — од две години;

4) кредити за производство и подготвување на стоки за извоз по договорени работи што ги финансира меѓународна финансиска институција и кои се наплатуваат во готово — врз основа на договор со странски купувач и докази дека договорената работа ја финансира меѓународна финансиска институција, и тоа до височината од 50% од состојбата на дадените кредити за таа намена и под услов рокот за враќање на кредитот да не е подолг од осумнаесет месеци и дека наплатата на извозот ќе се оствари во девизи од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања.

Одредбата на став 1 под 1 под б) од оваа точка во поглед на побарувачкото салдо, односно манипулативниот кредит на земјата — увозник не се однесува на кредитирањето на извозот на производи што се врши во рамките на договор за долгорочна производствена кооперација со странство.

Со кредитите од одредбата под 1 став 1 на оваа точка се изедначуваат, во смисла на оваа одлука, кредитите што банката ги дава врз основа на договор за производство на опрема и бродови за извоз и на договр за вршење услуги на странство, и тоа:

1) до височината на вредноста на поодделни завршни фази, ако со договорот е предвидено плаќање по фази;

2) до височината на договорениот аванс, ако со договорот е предвидено плаќање на аванс во девизи што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања, а под услов авансот да втасува во рок од 90 дена од денот на давањето на кредитите на комитентите од страна на банката и неговата наплата да е обезбедена.

4. Роковите за враќање на кредитите од точка 3 став 1 одредби под 1, 2 и 3 на оваа одлука се сметаат од денот на извршеното царинење на стоките, односно од денот на извршувањето на услугите.

Рокот од 90 дена за враќање на кредитите за извоз на стоки и услуги од точка 3 став 1 одредба под 1 под а) алинеја 3 на оваа одлука, банката може да го продолжи до вкупно 150 дена, сметајќи од денот на царинењето на стоките, односно од денот на извршувањето на услугата, ако е во прашање извоз во прекуокеански земји и ако корисникот на кредитот на банката ѝ поднесе решение од Народната банка за продолжување на рокот за внесување на девизите. По исклучок, рокот за враќање на кредитите може да се продолжи и над 150 дена, но најмногу до две години, ако кредитот е даден за извоз на опрема од домашно производство што домашните организации на здружениот труд ја извезуваат и вградуваат во инвестициони објекти во странство, под услов:

1) домашната организација на здружениот труд да изведува инвестициони работи во странство;

2) со договорот за кредитот да е прецизно одредена цената на извезената опрема, како и основот за утврдување на височината на кредитот, и учеството на таа цена во вкупната вреднст на догово-

рените работи во странство намалена за износот на авансот и на евентуалните други плаќања, односно давања во натура што втасале пред извозот на опремата;

3) со договорот за кредитот да е предвидено враќање на кредитот според одредена динамика, во согласност со договорената динамика за наплата на извршените работи во странство, со тоа што поодделни отплати сразмерно со учеството на цената на извезената опрема во вкупната вредност на извршените работи и крајниот рок за отплата на кредитот да не е подолг од две години од денот на царинењето на извезената опрема;

4) банката да се обврзе дека искористениот износ на кредитот ќе ѝ го врати на Народната банка во согласност со динамиката на наплатата што ја договорила со корисникот на кредитот.

Банката е должна во својата деловна политика, при одредувањето на роковите за враќање на кредитот за извоз на стоки и услуги, да води сметка за фактичните рокови на наплатата од странство и со договорот за кредитот да ги обврзе корисниците кредитите да ги враќаат и пред договорениот рок ако наплатата од странство ја остварат пред тој рок.

5) Посебни наменски кредити за кредитирање на увозот на стоки од одредени валутни подрачја и од земјите во развој, во точка 2 став 1 одредби под 2 и 3 на оваа одлука, банките можат да користат за кредитирање на увозот од тие земји, односно подрачја, и тоа на основни суровини и други производи што ќе ги одреди Сојузниоот секретаријат за надворешна трговија.

6. Народната банка на Југославија, преку народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, на банките ќе им дава кредити од примарната емисија за кредитирање на производството и залихите на одредени земјоделски производи, во согласност со Договорот за заедничките основи за проширена репродукција во земјоделството од 1973 до крајот на 1975 година и за политиката за поттикнување на производството на индивидуалните земјоделски стопанства („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/73) и со Системските решенија за реализација на политиката на развојот на земјоделството во периодот од 1973 до 1975 година, од 16 мај 1973 година.

Кредитите од став 1 на оваа точка банките можат да ги користат кај Народната банка на Југославија под услов претходно, врз основа на соодветна документација, да им дале кредити на своите комитенти, и тоа:

1) кредити на земјоделските организации за производство на пченица — врз основа на договор за производство и испорака, и тоа до височината од 30% од состојбата на дадените кредити, а најмногу до износот од 13% од вредноста на договореното производство сметана по гарантните откупни цени и под услов роковите за враќање на кредитите да не се подолги од 12 месеци, сметајќи од денот на почетокот на користењето на кредитите, и да не го преминат 15 август;

2) кредити на земјоделските организации за комерцијално производство на пченка — врз основа на договор за производство и испорака, и тоа до височината од 30% од состојбата на дадените кредити, а најмногу до износот од 13% од вредноста на договореното производство сметано по гарантираните откупни цени и под услов роковите за враќање на кредитите да не се подолги од 12 месеци, сметајќи од денот на почетокот на користењето на кредитите, и да не го преминат 15 декември;

3) кредити за производство на сончоглед, шеќерна репа и тутун — врз основа на договор за производство и испорака на тие производи, и тоа до височината од 20% од состојбата на дадените кредити, а најмногу до износот од 10% од вредноста на договореното производство сметано по минималните откупни цени и под услов роковите за враќање на кредитите да не се подолги од 9 месеци — за производство на сончоглед и шеќерна репа и 12 месеци — за производство на тутун, сметајќи од денот на почетокот на користењето на кредитите, и да не го преминат 31 октомври — за сончоглед, 31 декември — за шеќерна репа, а 31 март — за тутун;

4) кредити на стопанските организации за гоење говеда, свињи и овци, и тоа до височината од 25% од состојбата на дадените кредити за оваа намена, а под услов да е во прашање општествено-организирано производство регистрирано кај Фондот за унапредување на производството и пласманот на добиток и добиточни производи и роковите за враќање на дадените кредити да не се подолги од 9 месеци за гоење говеда и 6 месеци за гоење свињи и овци, сметајќи ги овие рокови од денот на почетокот на користењето на кредитите:

5) кредити за сезонски залихи на домашна пченица — врз основа на исправи за количината и вредноста на кредитираните залихи, и тоа до височината од 30% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите и под услов со договорот за кредитот да е предвидено враќање на кредитот во месечни отплати, во согласност со потрошокот на кредитираните залихи, и роковите за враќање на кредитот да не се подолги од 10 месеци, сметајќи од денот на почетокот на користењето на кредитот, и да не го преминат 30 јуни, а за сезонска пченица — 31 јануари;

6) кредити за комерцијални залихи на пченка — врз основа на исправи за количината и вредноста на кредитираните залихи, и тоа до височината од 30% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите и под услов со договорот за кредитот да е предвидено враќање на кредитот во месечни отплати, во согласност со потрошокот на кредитираните залихи, роковите за враќање на кредитот да не се подолги од 10 месеци, сметајќи од денот на почетокот на користењето на кредитот, и да не го преминат 30 септември, како и залихите да не потекнуваат од производство пред 1974 година;

7) кредити за сезонски залихи на сончоглед, односно домашно сурово масло, шеќерна репа, односно шеќер и тутун — врз основа на исправи за количината и вредноста на кредитираните залихи, и тоа до височината од 25% од состојбата на дадените кредити, а најмногу до 13% од вредноста на залихите на годишното производство и под услов со договорот за кредитот да е предвидено враќање на кредитот во месечни отплати, во согласност со потрошокот, односно со реализацијата на кредитираните залихи, роковите за враќање на кредитот да не се подолги од 8 месеци за залихите на сончоглед, односно домашно сурово масло, шеќерна репа односно шеќер и 15 месеци за залихите на тутун, сметајќи ги тие рокови од денот на почетокот на користењето на кредитот, и да не го преминат 30 јуни — за сончоглед, односно домашно сурово масло, 31 јули — за шеќерна репа, односно шеќер и крајот на февруари — за тутун.

Кредитите од став 2 на оваа точка банките можат да им ги даваат на комитентите како за нивното сопствено производство на одредени земјоделски производи и за гоење на добиток, така и за производство, односно гоење на добиток во кооперација со индивидуални земјоделски производители.

Височината на кредитите од став 1 на оваа точка се утврдува однапред за наредните три месеци.

7. Кредитите од примарната емисија во смисла на точ. 2 до 6 на оваа одлука, банката може да ги користи кај Народната банка под услов на кредитите што ги дава од тие средства на комитентите да не наплатува камата по стапка која е за повеќе од 1 поголема од стапката по која на тие средства и плаќа камата на Народната банка.

8. Банката може привремено, а најдолго 10 работни денови во месецот, да користи кај Народната банка кредит за ликвидност, и тоа:

1) врз основа на благајничките записи на Народната банка на Југославија — до износот на номиналната вредност на тие записи;

2) врз основа на обврзниците на федерацијата издадени во смисла на Законот за издавање обврзници на федерацијата во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/73) — до износот од 50% од номиналната вредност на тие обврзници;

3) врз основа на обврзници за регулирање на обврските на федерацијата по основ на курсните разлики — до износот од 50% од номиналната вредност на тие обврзници.

Благајничките записи од став 1 на оваа точка, се засметуваат во минимумот на резервата на ликвидноста од точка 1 став 1 под 1 од Одлуката за минималната ликвидност на деловните банки и за структурата на нивните пласмани според роковите на втасаноста („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/73, 60/73 и 28/74), без оглед од кои средства банката ги запишала, а обврзниците на федерацијата — само ако се запишани од средствата на резервниот фонд, во смисла на одредбите на Законот за посебно користење на одредени обврзници и на други хартии од вредности („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72 и 40/73).

9. Банките можат во второто тримесечје на 1974 година, додека не се склучи самоуправната спогодба на банките, односно општествениот договор за спроведување на селективната кредитна политика, средствата на задолжителната резерва издвоени на посебна евиденциона партија во смисла на точка 2 став 2 од Одлуката за измена на Одлуката за задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/74) да ги користи за кредитирање на одредени намени, и тоа до следните проценти од состојбата на тие средства:

1) до 35% — за кредитирање на работите на извозот на стоки и услуги;

2) до 18% — за кредитирање на увозот на стоки од одредени валутни подрачја и од земјите во развој (освен увозот на нафта и нафтени деривати);

3) до 21% — за кредитирање на увозот на нафта и нафтени деривати;

4) до 26% — за кредитирање на продажбата на кредит во земјата и во странство на домашна опрема, бродови и трајни потрошни добра.

Средствата на задолжителната резерва од став 1 на оваа точка банката може да ги користи за покритие на кредитите дадени на комитентите за намените предвидени во тој став, и тоа:

1) за работите на извозот на стоки и услуги — до височината и под условите предвидени во точ. 3 и 4 на оваа одлука;

2) за увозот на стоки од одредени валутни подрачја и од земјите во развој — до височината и под условите предвидени со посебната одлука на Народната банка на Југославија;

3) за продажбата на кредит во земјата и во странство на домашна опрема и бродови и трајни потрошни добра — до износот од 40% од состојбата на кредитите дадени на производителските организации за оваа намена врз основа на соодветна документација почнувајќи од 1 април 1974 година, а под услов роковите за враќање на дадените кредити да не се подолги од 5 години.

Банката може да ги користи средствата на задолжителната резерва за кредитирање на намените од став 1 одредби под 1, 2 и 3 на оваа точка, под услов за тие намени да ги искористила кредитите од точ. 3, 4 и 5 на оваа одлука.

Банката може до 20% од средствата на задолжителната резерва предвидени за поодделни намени од став 1 на оваа точка, да пренесува од тие намени на други намени од тој став.

Банката што не е во можност во целост да ги искористи средствата на задолжителната резерва за кредитирање на намените од став 1 на оваа точка, тој вишок на средства може да го пренесе на други банки под услов тие банки да ги пласираат за истите намени под предвидените услови.

Средствата на задолжителната резерва за кредитирање на намените од оваа точка банката може да ги користи под услов на кредитите што од тие средства им ги дава на комитентите да не наплатува камата по стапка поголема од 4% годишно.

10. Упатства за примена на оваа одлука дава Народната банка на Југославија.

11. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите за користење на кредитите што Народната банка на Југославија им ги дава на деловните банки од средствата на примарната емисија („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/73, 27/73 и 8/74).

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 22
17 мај 1974 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

**464.**

Врз основа на чл. 16, 18 и 62 точка 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), во врска со точка 10 од Заедничките основи на кредитната политика во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/74), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72 и 12/74) во точка 1 став 1 во одредбата под 1 стапката: „30%" се заменува со стапката: „28,5%".

Во одредбата под 2 стапката: „3%" се заменува со стапката: „2%".

2. Деловните банки до 31 мај 1974 година ќе извршат дополнителна пресметка на задолжителната резерва со примена на стапката од точка 1 на оваа одлука според книговодствената состојба на средствата на 31 март 1974 година.

Разликата помеѓу износот на задолжителната резерва според книговодствената состојба на средствата на 31 март 1974 година, пресметана по досегашните стапки, и задолжителната резерва пресметана по дополнителната пресметка од став 1 на оваа точка, деловните банки ќе ја издвојат на посебна евиденциона партија во рамките на сметката

на издвоените средства на задолжителната резерва кај Народната банка на Југославија.

По исклучок од одредбата на став 2 од оваа точка, деловните банки кај кои разликата на задолжителната резерва од тој став ќе биде помала од износот што ќе се добие со примена на процентот од 7,1% врз задолжителната резерва издвоена според книговодствената состојба на средствата на 31 март 1974 година, на посебна евиденциона партија можат да го издвојат износот добиен со примена на процентот од 7,1% врз издвоената задолжителна резерва.

Деловните банки од став 3 на оваа точка разликата помеѓу износот добиен со примена на процентот од 7,1% врз издвоената задолжителна резерва во смисла на тој став и износот на намалувањето на задолжителната резерва во смисла на ст. 1 и 2 од оваа точка ќе ја вратат од посебната евиденциона партија на сметката на издвоените средства на задолжителната резерва при издвојувањето на задолжителната резерва според книговодствената состојба на средствата на 30 јуни 1974 година.

Средствата од ст. 2 и 3 на оваа точка деловните банки можат да ги користат за кредитирање на намените предвидени во точка 9 од Одлуката за мерките за спроведување на кредитната политика во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/74), и тоа во височината и под условите предвидени во таа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 25
17 мај 1974 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

---

## 465.

Врз основа на чл. 26 и 62 точка 10 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), член 24 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71), во врска со точка 3 став 2 од Заедничките основи на кредитната политика во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/74), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Народната банка на Југославија ќе издава свои благајнички записи почнувајќи од 1 јуни 1974 година, и тоа до вкупниот износ од 1.000,000.000 дин.

2. Благајничките записи од точка 1 на оваа одлука можат да ги запишуваат само банките.

Запишувањето на благајничките записи банките го вршат кај народните банки на републиките и кај народните банки на автономните покраини.

3. Благајничките записи се издаваат со рок на втасаност од 12 месеци и со камата по стапка од 6% годишно.

Каматата се смета од денот на запишувањето на благајничките записи и се исплатува во роковите на втасаноста на благајничките записи.

4. Благајничките записи се издаваат во апоени од 100.000, 200.000, 500.000 и 1,000.000 динари.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 27
17 мај 1974 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

---

## 466.

Врз основа на чл. 16 и 62 точка 14 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72) и точка 3 став 2 од Заедничките основи на кредитната политика во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/74), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КУПУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ОБВРЗНИЦИ ОД ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ

1. Во Одлуката за купување на одредени обврзници од деловните банки („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/74) во точка 1 зборовите: „до 30 јуни" се заменуваат со зборовите: „до 31 мај".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О.бр. 28
17 мај 1974 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

---

## 467.

Врз основа на чл. 16, 20 и 62 точка 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72) и член 86 став 3 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71, 71/72, 40/73 и 59/73), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА МИНИМАЛНАТА ЛИКВИДНОСТ НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ И ЗА СТРУКТУРАТА НА НИВНИТЕ ПЛАСМАНИ СПОРЕД РОКОВИТЕ НА ВТАСАНОСТА

1. Во Одлуката за минималната ликвидност на деловните банки и за структурата на нивните пласмани според роковите на втасаноста („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/73 и 60/73) точка 3 се брише.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 29
17 мај 1974 година
Белград

Претседател
на Советаот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

## 468.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЦЕЛ-ВЛАКНО

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 5 февруари 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за цел-влакно, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, со тоа што највисоките продажни цени за цел-влакно сурово сјајно небелено од I класа да изнесува 20,76 динари за еден килограм.

Врз највисоката продажна цена за цел-влакно од став 1 на оваа точка можат да се засметаат следните износи, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) додаток за матирање | 1,06 |
| 2) додаток за белење, хемиско | 1,1 |
| 3) додаток за кадрење | 1,16 |
| 4) додаток за бојосување во маса за: | |
| а) групата — розова боја | 6,72 |
| б) групата — црвена боја | 11,34 |
| в) групата — бордо боја | 12,14 |
| г) групата — сина боја | 8,98 |
| д) групата — жолта боја | 9,19 |
| ѓ) групата — зелена боја | 8,18 |
| е) групата — костенлива боја | 9,43 |
| ж) групата — сива боја | 6,07 |
| з) групата — црна боја | 4,56 |
| ѕ) групата — виолетова боја | 7,54 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 273 од 22 мај 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Вискоза" — Лозница и „Инцел" — Бања Лука.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 33 купувачи-потрошувачи назначени во посебниот прилог кон Спогодбата која се наоѓа во документацијата на Стопанската комора на Југославија.

## 469.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА БАКАРНИ КАЗАНИ ЗА БАЊИ

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 14 февруари 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за бакарни казани за бањи, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | | Дин/парче |
|---|---|---|
| 1) бакарен казан за бањи — 33 cm, со грејач | до | 697 |
| 2) бакарен казан за бањи — 33 cm, со чеп | до | 625 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 165 од 15 мај 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: Ваљаоница бакра „Слободан Пенезиќ-Крцун" — Севојно.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Дрина" — Титово Ужице, „Теразије" — Титово Ужице, „Градина" — Титово Ужице, „Ковинотехна" — Цеље, „Обнова" — Осиек „Техногвожѓар" — Нови Сад, „Технопромет" — Белград, „Грамат" — Загреб, „Грамекс" — Љубљана и „Меркантилиапромет" — Загреб.

## 470.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ОКОВИ И ПРИБОР ЗА ГРАДЕЖНА СТОЛАРИЈА И МЕБЕЛ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 21 февруари 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за окови и прибор за градежна столарија и мебел, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, во просек до 22%, а според ценовниците кои се составен дел на спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 239 од 21 мај 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Же-Че" — Карловац, „Титан" — Камник, „Бане Секулиќ" — Сомбор, „Лама" — Декани, „Ковинопластика" — Лож, „Технопромет" — Пула, „Лив" — Постојна, „Лив" — Нашице, „1. Мај" — Владиславци, „Металац" — Јањево, „Оков" — Бачка Топола и „18. Октобар" — Бачка Топола.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Предузеќе робних куќа „Београд" — Блград, „Мелсервис" — Белград, „Електрометал" — Белград, Технопромет" — Белград, „Инекс" — Белград, „Нови Дом" — Белград, „Југодрво" — Белград, „Југометал" — Белград, „Техногвожѓар" — Нови Сад, „Граѓа-промет" — Сомбор, „Гвожѓар" — Кралево, „Радиоелектро" — Крушевац, „Жељпох" — Загреб, „Занап" — Загреб, „Техномеркур" — Карловац, „Бродоматеријал" — Риека, „Развитак" — Метковиќ, „Металка" — Љубљана, „Словенијалес" — Љубљана, „Сочa" — Копар, „Цимос" — Копар, „Меркур" — Крањ, „Јеклотехна" — Марибар, „Фероелектро" — Сараево, „Шипад" — Сараево, „Унима" — Сараево, „Метал" — Бања Лука , „Интерпромет" — Скопје, „Технометал Македонија" — Скопје, „Граѓа" — Нашице и „Лесница" — Љубљана.

## 471.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА МЕТАЛНИ САДОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 6 февруари 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за метални садови, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, и тоа за:

| | |
|---|---|
| 1) емајлирани садови | до 25% |
| 2) алуминиумски садови | до 29% |
| 3) поцинкувани садови во просек | до 55% |

а според Ценовникот кој е составен дел на спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 129/1 од 21 мај 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Горица" — Дуго Село, „Емо" — Цеље, „Металац" — Горњи Милановац, „Јединство" — Бачка Паланка, „Борис Кидрич" — Струга и „Металија" — Суботица.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Инекс" — Белград, „Центропром" — Белград, „Кристалимпорт" — Белград, „Електрометал" — Белград, „Атекс" — Белград, „Србијатекс" — Белград, „Феримпорт" — Загреб, „Жељпох" — Загреб, „Трговпромет" — Загреб, „Радиност" — Загреб, „Металка" — Љубљана, „Панонија" — Птуј, „Техномеркатор" — Цеље, „Ковинотехна" — Цеље, „Јеклотехна" — Марибор, „Меркур" — Крањ, „Новотехна" — Ново Место, „Колонијале" — Пољчане, „Крка" — Брежнице, „Задарка" — Задар, „Бродокомерц" — Риека, „Далма" — Сплит, „Техномеркур" — Карловац. Опќе трговинско подузеќе — Загреб, „Велетрговина" — Сараево, „Фероелектро" — Сараево, „Метал" — Бања Лука. „Развитак" — Метковиќ, „Интерпромет" — Скопје, „Техногвожѓар" — Нови Сад, „Партизан" — Чачак, „Гвожѓар" — Кралево, „Трговпромет" — Кралево, „Агропромет" — Ниш, „Трговпромет" — Суботица, „Охридски магазин" — Охрид, „Струшка трговија" — Струга и „Нова трговија" — Битола.

## 472.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА НАТРИУМ СУЛФАТ БЕЗВОДЕН

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 14 јануари 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за натриум сулфат безводен, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоката продажна цена да изнесува, 1,33 динари за еден килограм.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производот од точка 1 на оваа спогодба ќе го продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 129 од 22 мај 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Инцел" — Бања Лука и „Вискоза" — Лозница.

